**Инфо билтен – ноември 2024**




**#ЗаедноЗаКлиматскаАкција**

Граѓанските организации, членки на националната коалиција за клима, на годишната средба која се одржа во Скопје на 29 и 30 ноември како клучно прашање до делегатите на 29тата конференција за клима прашаа каде ќе се насочат финансиите во наредните децении во свет со зачестени катастрофални бури, поплави и суши во кој станува се потешко да се живее и работи.

29тата конференција за климатски промени под Конвенцијата за климатски промени на ОН (UNFCC) која започна на 11 ноември годинава наместо на 22ри заврши два дена подоцна бидејќи земјите преговараа околу текстот на одлуката од COP29. Ова ќе биде една од ретките конференции за клима без дефинитивни одлуки за многу од клучните теми на дискусија.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Доколку вашата организација или институција има објавено документи и публикации поврзани со климатските промени и сродни теми во изминатите 5 години (од 2019 година наваму) и истите се јавно достапни, публикувани и објавени онлајн, ве молиме да ги споделите преку оваа кратка анкета.

**Енергија**

Во ноември Еко-свест поднесе коментари на новиот предлог закон за енергетика како и коментари за проектите ФЕ Осломеј 2 и ФЕ Битола 1.

Визија за развој на Битола (2024) | Еко-свест е резултат на истражувања, состаноци, консултации и информирање со засегнатите страни, и анализа на националните документи и планови за одржлив развој во Република С. Македонија, со фокус на Битолскиот Регион кој е зависен од јаглен.

Еко-свест е коавтор на документ кој открива зошто аргументите во корист на гасоводот низ Македонија сѐ уште не се поткрепени со убедливи докази и зошто е многу малку веројатно дека наводните придобивки ќе се остварат.

Дознајте повеќе зошто фосилниот гас претставува ќор-сокак на патот кон енеретската трансформација на Македонија и не треба да биде преодно гориво кое наместо да помогне, ќе ја зароби државата на секое можно поле, на www.toxic.mk.

Споделуваме серијал во кој зборуваме на теми поврзани со климатските промени и енергетската транзиција. Покриваме различни аспекти кои се важни за подобро разбирање и справување со климатските промени, од тоа што се фосилни горива и обновливи извори на енергија, преку енергетска транзиција до паметно енергетско планирање и финансирање. Скок до сите 5 кратки видеа.

**Води**

CrowdWater е едноставна мобилна апликација која ви овозможува да ги евидентирате промените во нивото на вода во реките, брзината на протокот, квалитетот на водата и условите на околниот екосистем – сето тоа со вашиот паметен телефон! Преземете ја апликацијата веднаш.

**Заштита на природа**

Еко-свест и официјално стана членка на IUCN, односно Меѓународната унија за заштита на природата.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Објавено е известување за почеток на процесот за подготовка на Закон за природа на електронскиот систем ЕНЕР, со временска рамка до крајот на 2024 година. Можност за сите заинтересирани и засегнати страни да се вклучат во консултативниот процес.

Европски пакт за иднината – нов зелен и социјален договор за одговорна и одржлива економија во Европа. Поддржете ја оваа иницијатива!

**Еко-свест Вевчани**

Објавивме три нови публикации за управување со отпадот. Погледнете ги.

**Публикаци**

Визија за развој на Битола (2024) | Еко-свест

Стручен труд – Assessment of the health impacts and costs associated with indoor nitrogen dioxide exposure related to gas cooking in the EU and the UK.Потсетување! Ако имате публикации поврзани со климатски промени кои се објавени онлајн, кажете ни кои се, за да ги споделуваме понатаму преку веб-страницата на Коалицијата за клима.

**Медиуми**

Шпоретите на гас се причина за смрт на речиси 40.000 луѓе годишно само во Европа. Линк до оригиналниот напис во Гардијан.

Најголем "виновник" за загадувањето на зима е затоплувањето на дрва, а на лето најмногу загадуваат сообраќајот и градежништвото.

**Разно**

Врховниот суд го објави начелниот став за загадувањето на воздухот и животната средина. Да, државата е должна да обезбеди здрава животна средина, а непреземањето дејствија е повреда на правата на граѓаните.

Ако сакате да живеете во Остерволд, Холандија, мора да произведувате храна на најмалку 50% од вашиот имот.

Катастрофална загуба на водата на прастарото Преспанско Езеро: хроника на претскажана смрт.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**Забелешка:** Овој инфо билтен е наменет за меѓусебно информирање за настани, активности и повици на еколошките организации и релевантните институции. Пораката ја добивте бидејќи сте регистрирани на една од GoogleGroups climatecoalitionmk и/или ekosfera. Доколку не сакате да го добивате овој инфо билтен, пратете порака на info@ekosvest.com.mk

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.